**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Заклучоци и препораки од 14.седница на НСП**
одржана на ден 21.11.2008 година

1. **Усвојување на записникот од 13.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

Советот го усвои записникот од 13.седница на НСП.

2. **Информација за проширување на работната група за платежни картички.**

Советот го прифати предлогот на Здружението на банкарството за проширување на работната група за платежни картички со уште еден член претставник од Касис АД Скопје.

3. **Заклучоци и препораки по првите извештаи на Работните Групи за имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем до 2011 година.**

Советот усвои Заклучоци и препораки по првите извештаи на Работните Групи за имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем до 2011 година, дадени во Прилог 1 кој е составен дел на Заклучоците и препораките на 14.седница на НСП.

4. **Ажурирање на матрицата за следење на имплементацијата на Стратегијата.**

Советот ги задолжи членовите на НСП претставници на институциите основачи на НСП да извршат ажурирање на матрицата и најдоцна до 05.12.2008 година да ја достават до секретарот на НСП за поставување на интернет страната на НБРМ дел за НСП.

5. **Извештај за одржаниот семинар со наслов "Прва конференција на финансискиот сектор во Македонија за платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност", 23-26 јуни, Охрид**

Советот го усвои извештајот за одржаниот семинар и констатира дека преку семинарот беше дадена слика на платната инфраструктура на Европа, Холандија и Македонија. Советот препорача за идниот семинар (2009 година) во соработка со Централната банка на Холандија да бидат обработени теми поврзани со работата на работните групи за имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 годиана, како и поголемо учество на членовите на работните групи на НСП.

**6. Разно.**

Заради поголема ефикасност и редовност на седниците на НСП, како и доследно спроведување на Спогодбата за основање на НСП и Деловникот за работа на НСП, Советот заклучи Здружението за банкарство формално да го номинира претставникот од Стопанска банка АД Скопје Снежана Лутвиовска наместо членот Мирјана Трајановска, а за испразнетото место со пензионирањето на претставникот од Поштенска банка АД Скопје да номинира нов претставник од банкарскиот сектор. Исто така, заради времeното отсуство на некои членови од Министерството за финансии, Советот побара да се комплетира составот на претставниците од оваа институција.

Емилија Нацевска, с.р.
Вицегувернер
Претседател на
Националниот Совет за Платни Системи